# Службен гласник


| Број 19 | 21. АВГУСТ 2018 година . |
|---|---|


## на Општина Кавадарци

| С О Д Р Ж И Н А | |
|---|---|
| | |
| Решение за објавување на Одлуката за финансиско учество во Проектот,,Реконструкција на улици и булевари во општина Кавадарци; | |
| Одлука за финансиско учество во Проектот,,Реконструкција на улици и булевари во општина Кавадарци; | |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа(“Сл.весник на РМ бр.05/2002) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадаци бр.8/05), Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе ,

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на**
**Одлуката за финансиско учество во Проектот „Реконструкција на улици и булевари во општина Кавадарци**

1.СЕ ОБЈАВУВА - Одлуката за финансиско учество во Проектот „Реконструкција на улици и булевари во општина Кавадарци донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 21.08.2018 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Кавадарци .

**Бр.09-4685/1** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**21.08.2018година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **М-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.Весник на РМ" бр.5/2002), член 132 став 1 од Статутот на општина Кавадарци ("Сл.гласник на општина Кавадарци" бр.8/05), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 21.08.2018 година, донесе

**ОДЛУКА**

За финансиско учество во Проектот„Реконструкција улици и булевари во општина Кавадарци„

**Член 1**

Со оваа одлука се обезбедуваат финансиски средства за учество на Општина Кавадарци Локална Самоуправа во проектот „ Реконструкција на коловоз на улици и булевари во населено место Кавадарци- ул.Цано Поп Ристов, Пано Мударов, Мито Хаџи Василев Јасмин, 7-ми Септември, Страшо Пинџур, Северен Булевар, Едвард Кардељ, Моша Пијаде и Цветан Димов",кој што проект е предмет на долгорочно домашно задолжување на оппштина Кавадарци во рамките на Вториот проект за подобрување на општинските услуги МСИП2 согласно одлука на Совет бр.08-2175/15од 24.04.2018 година. Проектот опфака реконструкција на осум улици и еден булевар во општина Кавадарци во должина од 4945 метри.

**Член 2**

Вкупната вредност на Проектот„ Реконструкција на коловоз на улици и булевари во населено место Кавадарци- ул.Цано Поп Ристов, Пано Мударов, Мито Хаџи Василев Јасмин, 7-ми Септември, Страшо Пинџур, Северен Булевар, Едвард Кардељ, Моша Пијаде и Цветан Димов„,изнесува 80.012.728 денари кои ќе се обезбедат преку потпишување на Договор за под-заем со Министерството за Финансии, во рамки на средства обезбедени од вториот проект за подобрување на општинските услуги МСИП2.

**Член 3**

Финансиските средства за учество на општината во висина од 16 000 000 денари, ке се обезбедат од Буџетот на општина Кавадарци за 2018 година

**Член 4**

Се задолжува општинската администрација да ги превземе сите активности потребни за спроведување на проектот.

**Член 5**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето а ке се објави во Сужбен Гласник на Општина Кавадарци.

**Бр.08-4667/1**
**21.08.2018 година**
**К а в а д а р ц и**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**Ристо Сакалиев**